ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

# НОВИНИ ВО СФЕРАТА НА ЛЕКОВИ ОД ПОЗИТИВНАТА ЛИСТА НА ФЗОМ

29 октомври 2014 година

# Содржина:

I. **Новини во Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ:** ***Две (2) одлуки за измени и дополнувања на Одлуката за Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ***



II. **Олеснувања во начинот на обезбедување хронична терапија за осигуреници со хипотиреоза**

# Објава и примена на новините:

- ✓ **Новините се објавени во Службениот весник на РМ бр.156 од 24.10.2014 година**

- ✓ **Примена од <u>1 ноември 2014</u>**



# I. Нов лек во Позитивната листа

## Нов лек во позитивната листа – генериката

## Clopidogrel табл. во сите јачини со режим PC/PCC (по препорака на лекар специјалист/субспецијалист)

*** Индикации и начин на пропишување на лекот на товар на ФЗОМ:**

- Пациенти со инфаркт на миокардот (срце), (најмногу до 35-тиот ден по инфарктот), со шифра од I20 до I23 според МКБ10 класификација, по препорака на кардиолог или интернист;
- Пациенти со акутен коронарен синдром без елевација на ST сегментот (нестабилна ангина или инфаркт на миокардот без Q бран), вклучувајќи ги пациентите со стент по перкутана коронарна интервенција, (до 12 месеци), со шифра од I20 до I23 според МКБ10 класификација, по препорака на кардиолог или интернист;
- Пациенти со акутен инфаркт на миокардот со елевација на ST-сегментот, кај пациенти подобни за терапија со тромболитици (најмалку 4 недели до 12 месеци), со шифра од I20 до I23, според МКБ10 класификација, по препорака на кардиолог или интернист;
- Пациенти со исхемичен мозочен удар, (од 7 дена до 6 месеци), со шифра од I63 до I64, според МКБ10 класификација, по препорака на невролог или невропсихијатар;
- Пациенти со потврдена периферна артериска оклузивна болест, (од 6 до 12 месеци), со шифра од I65 до I66, I70 и I74, според МКБ10 класификација, по препорака на торакален хирург, васкуларен хирург, кардиоваскуларен хирург по извршена хируршка интервенција или по препорака од болнички/клинички конзилиум.

# Референтна цена за Clopidogrel

**ФЗОМ утврди и референтна цена за овој лек:**

- **Овој лек кој осигурениците досега го набавувале на нивен личен трошок ќе можат да го подигаат на рецепт на товар на ФЗОМ во секоја аптека која има склучен договор со Фондот**

# Конкуренција за генериката Clopidogrel – 10 производители се присутни на пазарот на лекови во РМ

| Фармацевтска дозажна форма | Јачина | Заштитено име на лекот | Производител | Таблети во Пакување | Нова референтна цена по пакување со 5%ДДВ (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| Таблети | 75mg | | | | |
| | | ANGICLOD филм обл табл. 30x75mg | PLIVA | 30 | 211,00 |
| | | CLOPIDOGREL филм обл табл. 28x75mg | ACTAVIS | 28 | 197,00 |
| | | CLOPIDOGREL филм обл табл. 14x75mg | JAKA | 14 | 98,00 |
| | | CLOPIDOGREL филм обл табл. 28x75mg | JAKA | 28 | 197,00 |
| | | CLOPIDOGREL филм обл табл. 56x75mg | JAKA | 56 | 394,00 |
| | | CLOPIGAL филм обл табл. 28x75mg | GALENIKA | 28 | 197,00 |
| | | KLOGAN SANOVEL филм обл табл. 28x75mg | SANOVEL ILAC | 28 | 197,00 |
| | | KLOPIDEX филм обл табл. 30x75mg | BELUPO | 30 | 211,00 |
| | | KLOPIDOGREL AKTIV филм обл табл. 30x75mg | REPLEK | 30 | 211,00 |
| | | KLOPIDOGREL AKTIV филм обл табл. 60x75mg | REPLEK | 60 | 422,00 |
| | | KLOPIDOGREL AKTIV филм обл табл. 90x75mg | REPLEK | 90 | 633,00 |
| | | PLAVIX филм обл табл. 28x75mg | SANOFI WINTHROP | 28 | 197,00 |
| | | SYNETRA филм обл табл. 30x75mg | ALKALOID | 30 | 211,00 |
| | | ZYLLT филм обл табл. 30x75mg | KRKA | 30 | 211,00 |
| | | ZYLLT филм обл табл. 28x75mg | KRKA | 28 | 197,00 |
| Таблети | 300mg | | | | |
| | | PLAVIX филм обл табл. 4x300mg | SANOFI WINTHROP | 4 | 112,00 |
| | | PLAVIX филм обл табл. 30x300mg | SANOFI WINTHROP | 30 | 844,00 |

# Фискални импликации за лекот Clopidogrel

- Здравствени интервенции на товар на ФЗОМ за 20.000 пациенти годишно со:

- Инфаркт на срце (нестабилна ангина, миокарден инфаркт и компликации од миокарден инфаркт)
- Мозочен удар
- Други индикации за хронични болести (болести на срце, стеснување и затнување на артерии во вратот, атеросклероза со артериска тромбоза и емболија)

- Проценет износ за лекот Clopidogrel годишно – 57 милиони денари

# Други измени на ПЛЛ:

**Со Одлуката на УО на ФЗОМ од 6 август 2014 година се направени следните измени на ПЛЛ:**

- **Додаден е нов член 1-а во ПЛЛ и воедно избришан е членот 4-а од ПЛЛ, со што е овозможено на осигурениците ќе им се надоместуваат средства за лек од Позитивната листа кој бил купен во странство, без разлика дали лекот е во промет во РМ или не**

# II. Олеснувања во начинот на обезбедување хронична терапија за осигуреници со Хипотиреоза

- Од 01 ноември 2014 година избраните лекари од ПЗЗ директно можат да ги упатуваат осигурениците со хронична хипотиреоза за биохемиско лабораториско испитување – одредување на нивото на TSH (тирео-стимулирачки хормон) во крвта

- Со измените во Позитивната листа, лекот Levothyroxine може да го пропишува на рецепт избран лекар самостојно за осигурениците на хронична терапија, на кои нивото на TSH во крвта е во рамки на референтните вредности (при хронична примарна хипотиреоза следење на ефектот од супституционата терапија преку нивото на TSH најмалку еднаш годишно (од 0,4-4,5µU/mL)

- Се намалува бројот на посети на осигуреници за 10.000 годишно во Институтот за нуклеарна медицина и патофизиологија (терциерно ниво на ЗЗ) кои биле упатувани само за упатување за  лабораториски анализи за хормонот TSH и препорака за хронична терапија со лекот Levothyroxin

- ФЗОМ спроведе и обуки на матичните лекари за успешна имлементација на овие олеснувања

# Ефекти од измените во начинот на обезбедување на хронична терапија за хипотиреоза

- Се олеснува постапката за пропишување на лекот на рецепт на товар на Фондот за осигурените лица,
- Се намалуваат непотребните трошоци на осигурените лице,
- Се намалува бројот на посети и преоптовареноста во Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина и на другите секундарни и терциерни здравствени установи и
- Се намалуваат трошоците од непотребни специјалистички/ субспецијалистички прегледи, кои паѓаат на товар на ФЗОМ.

# Објава на информации за лекови од позитивната листа на ФЗОМ

**Сите новини за лекови од Позитивната листа на ФЗОМ се објавени:**

- **Во Службениот весник на РМ, и**
- **На Веб-страницата на ФЗОМ: [www.fzo.org.mk](http://www.fzo.org.mk)**



# Благодариме на вниманието!